# ПРОФЕСИОНАЛЕН ПАСОШ ДО БЛЕСКАВА КАРИЕРА



*Интервју со*

***Марија Никовска,***
***директор на***
***Академијата за менаџери,***

***и***

***професор***
***Лесли Т. Самози***



Со Alumni тело составено од повеќе од 850 дипломци, Меѓународниот факултет на Универзитетот Шефилд, Сити колеџ е докажано прв избор за студентите, младите дипломци и за веќе докажаните менаџери во потрага по квалитетна и достапна едукација.

*Прашање:*

**Што придонесува кон тоа Меѓународниот факултет на Универзитетот Шефилд, Сити колеџ да се истакнува како образовна институција?**

*Одговор:* ***Марија Никовска***

Постојат многу причини зошто Меѓународниот факултет на Универзитетот Шефилд, Сити колеџ се истакнува како образовна институција во регионот на Југоисточна Европа. За почеток, тој е шестиот факултет на еден од најдобрите 100 универзитети во светот, Универзитетот Шефилд, како и единствениот што работи во друга држава, надвор од Велика Британија. Како резултат на ова, студентите студираат во нивниот регион и добиваат британска диплома од светска класа од еден од најдобрите светски универзитети (24. во Европа и 69. во светот според ранг-листата QS за 2014-2015 година). Дополнително, тој е акредитиран и признаен од официјални меѓународни тела, како QAA, BAC, AMBA, CMI, BCS, UK NARIC и AACSB, и сите од нив го потврдуваат квалитетот на понуденото образование.

Во однос на МБА-програмата, од 1993 година Меѓународниот факултет ја нуди единствената вистинска МБА-програма во регионот, која се предава во пет различни градови (Солун, Белград, Букурешт, Софија и Киев), на која учествуваат врвни менаџери од околу 20 различни држави. Овој меѓународен микс им овозможува на студентите на МБА програмата уникатни можности за вмрежување. Исто така, нашите дипломци имаат можност да добијат дополнителна престижна диплома: Ниво 7 GLOBE Диплома во Стратегиски менаџмент и лидерство од Chartered Management Institute (CMI) од Обединетото Кралство. Структурата на нашата МБА програма вклучува и две непроценливи студиски недели, една во Солун, а другата на Универзитетот Шефилд во Обединетото Кралство, каде што сите учесници од сите држави заеднички посетуваат настава.

(продолжува)

Овие две студиски недели се покажаа како уникатно образовно искуство, како и непроценлива можност за вмрежување за сите учесници во програмата. Нашиот тим од истакнати академици и експерти во индустријата, кои предаваат на МБА програмата, шесте различни насоки за специјализација, како и флексибилниот начин на предавања, се само некои од причините зошто нашата МБА програма - постдипломски студии по бизнис и администрација за извршни позиции – е број еден избор на менаџерите во регионот.

*Прашање:*

**Која е вредноста на дипломата што ја добиваат дипломците?**

*Одговор:* ***Марија Никовска***

По успешното комплетирање на нивните студии, нашите дипломци добиваат диплома од Универзитетот Шефилд од Велика Британија. Ова признание е професионален пасош за нашите дипломци што градат успешни кариери. Вредноста и статусот на дипломата од Универзитетот Шефилд, како и вредните вештини и знаење стекнати за време на студиите на Меѓународниот факултет се отсликуваат во бесценетите кариерни перспективи на нашите дипломци во Европа и во светот.

*Прашање:*

**Кои други програми се нудат на Меѓународниот факултет?**

*Одговор:* ***Марија Никовска***

Освен ЕМБА-програмата, Меѓународниот факултет на Универзитетот Шефилд нуди цел спектар додипломски и постдипломски студии во областа на бизнис-администрација и економија, психологија, компјутерски науки и англиски студии – кои водат кон диплома од Универзитетот Шефилд.

Денес, освен во Солун, Сити колеџ, исто така, ги нуди програмите на Универзитетот и на други локации низ Југоисточна и Источна Европа, пред сè во Софија (Бугарија), Белград (Србија), Букурешт (Романија) и во Киев (Украина), и постојано се шири, со тенденција да ја надмине својата мисија.

Дополнително, горди сме што во изминатите три години под името Академија за менаџери, како репрезентативна канцеларија на Универзитетот во Скопје, успеавме значително да ја зацврстиме нашата позиција на пазарот, продолживме да ги негуваме односите со голем број јавни и приватни институции со кои имаме веќе воспоставена долгогодишна соработка, како и да го подигнеме нивото на релации со различните јавности, нашите дипломци, сегашни и идни студенти. Секако, во овие активности се вбројува и соработката со Македонската асоцијација за човечки ресурси (МАЧР) – и оваа година Меѓународниот факултет на Универзитетот Шефилд, Сити колеџ ќе биде спонзор на Годишната конференција, којашто се организира традиционално по седми пат. На 30 октомври на годинашната конференција своја презентација на темата Разбирање на управувањето со диверзитет ќе има професор д-р Лесли Т. Самози од Меѓународниот факултет на Универзитетот Шефилд, Сити колеџ.

*Прашање:*

**Кои се предностите на Извршната МБА-програма на Универзитетот Шефилд?**

*Одговор:* ***професор Лесли Т. Самози***

Сметам дека има голем број посебни карактеристики што ги поседува нашата ЕМВА-програма. Најпрво, тукушто објавивме дека ја проширување во Бугарија (Софија) оваа година.

*(продолжува)*

Стотици студенти од Бугарија во изминативе години ја посетуваа нашата програма во Солун и сега одлучивме да го зацврстиме нашето присуство во земјата. Регионално, ние бевме првите што понудија вистинска меѓународна ЕМВА-програма во делот на Југоисточна Европа. Доказот се состои во тоа како нашата програма е структурирана од почетокот до крајот. За време на секој викенд со предавања (петок попладне, сабота и недела), студентите се среќаваат со два до три експерти и академици низ Европа, кои нудат поширока перспектива на теми од областа на менаџментот што не може да бидат обезбедени од еден единствен предавач; секој од нив е намерно избран поради знаењето што го поседува, но исто така и поради можноста и вештините за спроведување на знаењето и пренесување на богатството на глобалното искуство во средината за учење, односно во училницата. Нашите студенти од сите градови каде што постои ЕМВА-програмата се среќаваат на едно место во текот на една недела во Шефилд во првата година од програмата, како во текот на втората специјализирана недела со предавања во Солун за време на втората година. Дополнителна карактеристика на оваа програма, со оглед на нашите цели низ Југоисточна Европа, е дека доколку студентот не е присутен за време на одреден викенд во својот град, односно градот каде што посетува настава вообичаено, може да го следи предавањето во некој од другите градови по избор. Прецизни и јасни курсеви, интерактивни студии на случај и интегративен проект што е директно поврзан со работното место на студентите би биле деталите што заокружуваат што ја прави нашата програма уникатно вредна.

*Прашање:*

**Како еден менаџер може да го забрза растот на својата кариера со вклучување во програмата?**

*Одговор:* ***професор Лесли Т. Самози***

Нашата програма на студентите им нуди можност да ја унапредат својата кариера, во самата организацијата каде што работат (што е случај кај многу наши студенти, дури и пред да ја добијат дипломата) или, пак, да ја продолжат кариерата надвор од организацијата во некоја друга компанија или, пак, да започнат свој бизнис со преминување во водите на претприемаштвото. Голем дел од студентите имале солидни примања и пред почетокот на програмата, но нашите истражувања покажуваат дека со стекнување на дипломата тие достигнуваат многу поголеми резултати и финансиски придобивки – дали од нови позиции што им биле понудени или затоа што нивната професионална вредност се зголемила во очите на работодавецот, па добиле соодветни награди. Многу студенти што се образоваа на ЕМВА-програмата се во потрага по повисоко ниво и лидерски (менаџерски) позиции. Нивната перспектива, и внатрешна и надворешна, е зголемена со нови можности. Важно е да се напомне дека активностите за вмрежување што студентите ги преземаат, исто така, ги прават повредни поради фактот што тие меѓусебно се поврзуваат со припадници на различни организации што целат кон истите работи; и ова е причината зошто се обидуваме да обезбедиме студентите од нашите едукативни програми да добијат можност да се интегрираат најмалку две недели во времетраењето на ЕМВА-програмата.

*(продолжува)*







*Прашање:*

**Како се проверува квалитетот на оваа програма?**

*Одговор:* ***професор Лесли Т. Самози***

Потврдата на квалитетот е многу важен дел од ЕМВА-програмите денес – слични на организациите што претендираат кон ISO или кон HACCP-стандарди. Посебно за ЕМВА, нашата програма е акредитирана од АМВА (The Association of MBAs), кои специјално ги вреднуваат МВА и ЕМВА-програмите на глобално ниво. Ние сме акредитирани од АМВА веќе десет години и наскоро ќе бидеме домаќини на годишен регионален АМВА-настан. Целото наше портфолио од бизнис-програми, исто така, е акредитирано и верификувано од страна на AACSB International (The Association to Advance Collegiate Schools of Business), Агенцијата за обезбедување квалитет (QAA), Британскиот совет за акредитации (BAC) и од UK NARIC (National Recognition Information Centre). Нашата ЕМВА-програма исто така, беше предмет на ревизија и потврда на квалитетот од страна на CMI (Chartered Management Institute), кое е единственото тело што доделува награди за експерт менаџер. Со оглед на длабочината и строгоста на нашата МБА-програма, студентите по завршувањето имаат право да добијат и CMI диплома ниво VII.



